## Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-2387/1
Скопје, 22 март 2020 година

ДО СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

**Извадок од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 март 2020 година**

Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирусо COVID – 19, на Шестиот состанок, одржан на 21 март 2020 година го разгледа и не го прифати Барањето на Стоматолошка комора на Македонија, под бр. 03-382/1 од 19.03.2020 година, и заклучи истото да се достави на понатамошна надлежност и постапување до Министерството за здравство.

ГЛАВЕН КООРДИНАТИВЕН
КРИЗЕН ШТАБ

ПРИЛОГ:
- Барање Стоматолошка комора на Македонија, под бр. 03-382/1 од 19.03.2020 година

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Министерството за здравство


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

# СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
## MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Ул. Антон Попов, бр. 1-4/5, Скопје
(02) 3246 851/852


Бр. 03-382/1
19.03.2020, Скопје

19-03-2020
44-2387/1

ДО
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**-ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР, Д-Р ДРАГИ РАШКОВСКИ-**
**-ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ, ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА, Г-ЃА МИЛА ЦАРОВСКА-**

Почитувани,

Ги очекувавме **економските мерки** кои ги предложи Владата на Република Северна Македонија и кога ги објавивте истите ги анализиравме со големо внимание.

Целосно сме свесни на сите напори кои Вие како Влада ги правите во услови на епидемија, но се надеваме дека и Вие разбирате дека стоматолозите во изминатите денови, но уште повеќе во времето што следи, како здравствени работници се едни од **најекспонираните** на корона вирусот по природата на својата работа.

Стоматолошка комора на Македонија ги **поддржува мерките** и одлуките на Владата и Министерство за здравство, **но** исто така прави се и да ги информира и да ги заштити своите членови, за време на работата во и надвор од здравствените установи, за да помогнеме на нив, но и да обезбедиме одржлив и стабилен здравствен систем во кој е потребно нашето активно учество.

Стоматолошката дејност во нашата држава, во најголема мерка е **приватно (лично)** инвестирана дејност, која исполнува **државна задача како дејност од јавен интерес** за осигурување на орално и денталното здравје, кое е еден од предусловите за општото здравје.

Стоматолозите како здравствени работници, наши членови, имаат семејства, се грижат за нив, макотрпно и пожртвувано работат, се жртвувале во текот на животот, се едуцирале за да помагаат на нашите сограѓани и тоа несебично **го работат** и во моменталните епидемични услови.

Поради ова , а по објава на мерките од Ваша страна, Комората инсистира објаснување дали **нашата дејност е исклучена,** бидејќи никаде не сме спомнати, односно дали ПЗУ кои се формирани за стоматолошка здравствена дејност се исклучени од фондовите и мерките кои ќе ги помагаат малите и средните бизниси кои ги најавивте и кои ќе претрпат штета од вонредните мерки, затоа што ниедна ординација нема да може да функционира со што нема да може да опстои повеќе од 30-ина дена и на сите ќе ни биде потребна помош од државата поради што очекувавме правовремена реакција од Вас.

Економските мерки донесени од Владата на РСМ се нејасни по прашањето дали со нив се опфаќаат и приватни стоматолошки здравствени установи, во и вон мрежа, но во секој случај мора да напоменеме дека нашите анализи укажуваат дека истите **повеќе се наменети за оние кои НЕ РАБОТАТ, а не за нас, за дејност како нашата која ТРЕБА И Е ДОЛЖНА да работи И РАБОТИ почитувајќи специјални и специфични заштитни протоколи** за кои треба многу повеќе разбирање од Вас, но и многу, многу повеќе финасиска помош бидејќи заштитата на стоматолозите, персоналот во стоматолошките ординации, а и на пациентите се постигнува со општи и специфични заштитни мерки. Општите мерки на заштита бараат спроведување на дезинфекција и стерилизација, како и примена на потрошен материјал за еднократна употреба во текот на клиничкиот преглед, или дијагностичко-тераписката постапка во нормални услови , додека **специфичните мерки** кои се неопходни во време на епидемија и кои не ги исклучуваат општите, се уште поспецифични и поскапи.

Штетите во овој момент ќе бидат значителни на ниво на целата држава, но со евентуално ескалирање на состојбата, тие ќе бидат уште поголеми и за нас како стоматолози и за вработените во

нашите ординации, за што секако треба и посериозен државен одговор за нашата дејност која е повторуваме од јавен и општ интерес.

**Во очекување** на одлуките на Вашиот одговор и Кризниот штаб на Владата на РСМ, ние ќе бараме начин да продолжи нашето функционирање во нашите здравствени установи согласно Одлуките кои ќе ги носи Владата, пред се по прашањето дали **СИТЕ** ординаци ќе мора да работат или ќе се прават општински/регионални полно опремени стоматолошки центри за решавање на итни стоматолошки случаи.

Поради сето погоре наведено, во многу краток рок очекуваме **одговор или средба** со тимот на вице-премиерката Мила Царовска, бидејќи очекуваме многу бргу да се најдеме во состојба на **финансиски колапс** што нема да е добро за нас, но ни за нашите граѓани, зошто ние само ако сме во добра финансиска кондиција можеме да работиме согласно протоколи со што ќе се превенира не само нашето здравје, туку и нема преку нас да почне **експоненцијалната трансмисија** на вирусот.

Со почит,

**Кризна група на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател на Стоматолошка комора на Македонија**
**Д-р Маријан Денковски**